# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

06 мај 2015 | Излегува по потреба | Година X | број 6



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ НА ТЕРИТОРИЈАТАНА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на Катастар на загадувачи на територијата на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/1**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 41 став (3) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува Катастар на загадувачи на територијата на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Катастарот на загадувачи на територијата на Општина Гази Баба, да се објави на веб страната на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/3**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК, ЗА ПРЕТРПЕНА ШТЕТА ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 23.06.2013 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за исплата на надоместок, за претрпена штета од природна непогода (невреме) на 23.06.2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1871/2**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), расправајќи по извештајот на комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, за дополнително евидентирање на пропуштени барања за проценка и надомест на штета, од природна непогода (невреме) на 23.06.2013 година, бр.09-1668/1 од 17.04.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК, ЗА ПРЕТРПЕНА ШТЕТА ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 23.06.2013 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, во висина од 88.516,00 денари, за исплата на надоместок во висина од 15% од утврдениот износ на проценетата штета, на барателите кои уредно пријавиле штета на земјоделски култури и/или штета на градежни објекти од природна непогода (невреме) на 23.06.2013 година, кои од најразлични причини не биле евидентирани во единствениот табеларен преглед на комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 2

Одобрените средства од член 1 на оваа одлука, се обезбедени од Буџетот на на Општина Гази Баба за 2015 година, Програма А0 - Совет на Општина Гази Баба, ставка 413 - тековни резерви (разновидни расходи), а истите ќе се исплатат на трансакциска сметка на следните баратели:

| р.б. | име и презиме/ назив на субјект | проценета штета | износ за исплата (15%) |
|---|---|---|---|
| 1 | БОЖИН МИТКОВСКИ | 21.651,40 | 3.248,00 |
| 2 | СЛАВЕ СТЕВКОВСКИ | 40.190,00 | 6.028,00 |
| 3 | ИЛИЈА НЕДЕЉКОВСКИ | 15.690,10 | 2.353,00 |
| 4 | ГОЈЧЕ СТЕВКОВСКИ | 106.817,40 | 16.023,00 |
| 5 | БОРИС ТРАЈАНОВСКИ | 32.969,90 | 4.946,00 |
| 6 | АЛЕКСАНДАР ЦВЕТКОВСКИ | 17.331,50 | 2.600,00 |
| 7 | СТОЈЧЕ ЦВЕТКОВСКИ | 27.116,60 | 4.068,00 |
| 8 | ДУШАН ТОДЕВСКИ | 10.106,20 | 1.516,00 |
| 9 | БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ | 218.615,40 | 32.793,00 |
| 10 | ТОНИ БОЈАЏИЕВСКИ | 54.608,90 | 8.191,00 |
| 11 | ЗС НА УЛ. "ФИНСКА" БР.196 | 45.000,00 | 6.750,00 |
| | ВКУПНО | 590.097,30 | 88.516,00 |

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/4**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН КРИТЕРИУМ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈАТА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА, ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА СОВЕТИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на дополнителен критериум за определување на подрачјата на облиците на месната самоуправа, при спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/3**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН КРИТЕРИУМ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈАТА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА, ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА СОВЕТИТЕ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува дополнителен критериум за определување на подрачјата на облиците на месната самоуправа, при спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа на подрачјето на Општина Гази Баба, кои не се опфатени во член 82 став (2) и став (3) од Законот за локалната самоуправа.

### Член 2

Дополнителниот критериум се однесува на таксативно наведени називи на улици од подрачјето на Општина Гази Баба (во надлежност на Општина Гази Баба и во надлежност на Град Скопје) поединечно по урбани односно месни заедници, заради олеснување на постапката за организирање на собири на граѓани, при избори за советите на облиците на месната самоуправа на собири на граѓани.

### Член 3

Избор за членови на Совет на **УЗ Железара**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Коце Металец" - сите;
2. "Гемиџиска" - сите;
3. "Филип Филиповиќ" - сите;
4. "Душан Тасковиќ" - сите;
5. "Зеничка" - сите;
6. "Тајмишка" - сите.

### Член 4

Избор за членови на Совет на **УЗ Автокоманда**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Јани Лукровски" - сите;
2. "Лазар Поп Трајков" - сите;
3. "Ташко Караџа" - сите;
4. "Трифун Хаџијанев" - сите;
5. "Христо Ботев" - сите;
6. "Габреш" - сите;
7. "Бапчор" - сите;
8. "Клетвеник" - сите;
9. "Вамбел" - сите;
10. "бул.16-та Македонска бригада" - сите;
11. "Архимедова" - сите.

**Член 5**

Избор за членови на Совет на **УЗ Ќерамидница**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Перо Наков" - 24 б, 20, 116, 28, 52, 30, 10, 101,103, 104, 105, 106, 107, 109, 11, 111, 115, 117, 12, 121, 123, 127, 129, 13, 131, 135, 14, 17, 18, 18б , 19, 2, 20, 20/2, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 36 б, 37, 38, 39, 40, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 5, 50, 51, 52, 53, 55, 56, 57, 58, 59, 6, 60, 61, 62, 62а, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 7, 71, 72,73, 74,77, 78, 79, 8, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 89, 8а, 9, 90, 91, 93, 96, 98, 99, 1, 3, 54, 70, 76, 80, 15, 95, 97, 41, 81, 75, 113, 133, 137, 119;
2. "Боро Тодоровиќ" - сите;
3. "528" - сите;
4. "515" - сите;
5. "512" - сите;
6. "Миодраг Илиќ" - сите;
7. "519" - сите;
8. "520" - сите;
9. "516" - сите.

**Член 6**

Избор за членови на Совет на **УЗ Триангла**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Благоја Стефковски" - парни броеви од 2 до 24 и старите броеви 40-а, 42, 42-а, 42-б, 42-в, 42-г, 44 и 44-а;
2. "Благоја Стефковски" - непарни броеви од 1 до 27;
3. "Благоја Стефковски" - помошни улици 1, 2, 3;
4. "Карл Либкнехт" - сите;
5. "Анри Барбис" - сите;
6. "Карл Хрон" - сите;
7. "Лајош Кошут" - сите;
8. "бул.Едвард Кардељ" ("бул.Александар Македонски") - парни броеви од 2 до 44;
9. "Петре Филиповски Гарката" - сите;
10. "Франц Лист" - сите;
11. "Модест Мусоргтски" - сите;
12. "Антон Попов" - помошни улици 1 и 3;
13. "Темко Попов" - сите.

**Член 7**

Избор за членови на Совет на **УЗ Јане Сандански**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Сава Михајлов" - сите;
2. "Сава Михајлов" 2, 4, 6, 8, 10, 12, 14, 16, 18;
3. "Сава Михајлов" згради 4, 6, 8, 10, 32, 33, 34, 35;
4. "Антон Попов" згради 4, 6, 8, 10, 32, 33, 34, 35;
5. "Трајко Китанчев" - сите;
6. "Спиро Црне" - сите;
7. "Катлановска" - сите;
8. "Неготинска" - сите;
9. "Кавадарска" - сите;
10. "Христо Татарчев" - сите;
11. "Кожув" - сите;
12. "Антон Попов" 4, 6, 7, 8, 9;
13. "Радован Ковачевиќ" - сите;

14. "Методија Андонов Ченто" - сите;
15. "Тодор Ецов" - сите;
16. "Христифор Жефаровиќ" - сите;
17. "Констатин Петковиќ" - сите;
18. "Томас Минцер" - сите;
19. "Тодор Чопов" - сите.

**Член 8**

Избор за членови на Совет на **УЗ Хиподром**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Благоја Стефковски" - парни броеви од 116 до 154;
2. "Благоја Стефковски" - непарни броеви од 83 до 119;
3. "Донче Штипјанчето" - парни броеви;
4. "Крива Феја" - сите;
5. "Никола Киров Мајски" - сите;
6. "Беровска" - сите;
7. "Париска Комуна" - сите;
8. "Пехчевска" - сите;
9. "Валандовска" - сите;
10. "Разлошка" - сите;
11. "Жан Жорес" - парни броеви од 68 до 70;
12. "Жан Жорес" - непарни броеви од 101 до 129; (на оваа улица е и новоизградената населба, броевите на куќите се парни и почнуваат од 100 па нагоре);
13. Место викано описно "Радиопредавател" - куќи кои се од страната на Хиподром.

**Член 9**

Избор за членови на Совет на **УЗ Крсте Мисирко**в, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Методија Андонов-Ченто" (по старо "Антон Попов") - од 82 до 144;
2. "Методија Андонов-Ченто" (по старо "Антон Попов") згради 4, 6, 8, 10, 157, 159, 161;
3. "Среќко Пужалка" - од 96 до 174;
4. "Фуштанска" - сите;
5. "Дурмиторска" - сите;
6. "Жегљане" - сите;
7. "Финска" - сите;
8. "13-Август - Охридски договор"' (по старо "Роман Каскалиевиќ") - сите;
9. "Маџари" - од 50 до 68.

**Член 10**

Избор за членови на Совет на **УЗ Маџари 1**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Ордан Поп Јорданов" - сите;
2. "Ордан Пиперката" - сите;
3. "Иван Наумов Алабакот" - сите;
4. "Донче Штипјанчето" - непарни броеви;
5. "Благоја Стефковски" - непарни броеви од 29 до 81;
6. "Благоја Стефковски" - парни броеви од 26 до 116 и 116-а;
7. "Благоја Стефковски" - помошни 4, 6, 8, 10, 12;
8. "Жан Жорес" - парни броеви од 2 до 66;
9. "Жан Жорес" - непарни броеви од 1 до 99.

**Член 11**

Избор за членови на Совет на **УЗ Маџари 2,** ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Методија Андонов-Ченто" (по старо "Антон Попов") - од 2 до 80;
2. "Палмиро Тољати" - сите;
3. "Маџари" - улици (1, 3, 5 и 7) и од број 1 до број 50;
4. "Срećко Пужалка" - од 1 до 86;
5. "Товарник" - сите;
6.' 'Товарник 1" - сите;
7. "Јужно моравски бригади" (Камник) - од 1 до 10;
8. "Александар Македонски" (по старо "Едвард Кардељ") - сите.

**Член 12**

Избор за членови на Совет на **УЗ Кирил Петрушевски**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Димче Милошевски" - сите;
2. "Боривое Милошевски" - сите;
3.' 'Боривое Милошевски 1" - сите;
4. "Зендел Џемаил" - сите;
5. "840" - сите;
6. "Вера Радосављевиќ" - сите;
7. "Перо Наков" - парни од 2 до 56.

**Член 13**

Избор за членови на Совет на **МЗ Питу Гули**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "2" - сите;
2. "3" - сите;
3. "4" - сите;
4. "5" - сите;
5. "6" - сите;
6. "7" - сите;
7. "8" - сите;
8. "9" - сите;
9. "10" - парни од 2 до 60 и од 80 до 192;
10. "10" - непарни од 1 до 29;
11. "11" - сите;
12. "13" - сите;
13. "15" - сите;
14. "22" - парни од 44 до 348;
15. "22" - непарни од 263 до 321;
16. "Маџари 2" - од 44 до 348.

**Член 14**

Избор за членови на Совет на **МЗ Инџиково**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "10" - парни од 60 до 80;
2. "10" - непарни од 29 до 95;
3. "12" - сите;
4. "14" - сите;

5. "18" - сите;
6. "20" - сите.

**Член 15**

Избор за членови на Совет на **МЗ Брњарци**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1", "2", "3", "4", "5" и "6" - сите.

**Член 16**

Избор за членови на Совет на **МЗ Црешево**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1", "2", "3", "4" и "5" - сите.

**Член 17**

Избор за членови на Совет на **МЗ Смиљковци**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Павле Божинов" - сите.

**Член 18**

Избор за членови на Совет на **МЗ Булачани,** ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1", "2", "3", "4", "5", "6", "7" и "8" - сите.

**Член 19**

Избор за членови на Совет на **МЗ Раштак**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1", "2", "3", "4", "5" и "6" - сите.

**Член 20**

Избор за членови на Совет на **МЗ Виниче**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Трајче Здравковски" - сите.

**Член 21**

Избор за членови на Совет на **МЗ Стајковци**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1", "2", "3", "4", "5", "6", "7", "8", "9", "10", "11", "12", "13", "14", "15", "16", "17", "18", "19", "20", "21", "22", "23", "24", "25", "26", "27", "28", "29", "30", "31", "32", "33", "34", "35", "36", "37", "38", "39" и "40" - сите.

**Член 22**

Избор за членови на Совет на **МЗ Страчинци**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "30" - сите.

**Член 23**

Избор за членови на Совет на **МЗ Алија Авдовиќ,** ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "Алија Авдовиќ" - сите.

**Член 24**

Избор за членови на Совет на **МЗ Јурумлери**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1" - сите;
2. "2" - сите;
3. "2А" - сите;
4. "3" - сите;
5. "4" - сите;
6. "5" - сите;
7. "6" - сите;
8. "7" - сите;
9. "8" - сите;
10. "9" - сите;
11. "10" - сите;
12. "11" - сите;
13. "12" - сите;
14. "13" - сите;
15. "14" - сите;
16. "15" - сите;
17. "17" - сите;
18. "18" - сите;
19. "19" - сите.

**Член 25**

Избор за членови на Совет на **МЗ Трубарево**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "1", "2"; "3"; "4", "5"; "6"; "7"; "8", "9"; "10"; "11"; "12"; "13"; "14"; "15"; "18"; "20"; "22"; "24"; "28", "30"; "36"; "38" - сите.

**Член 26**

Избор за членови на Совет на **МЗ Гоце Делчев**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

1. "200" - сите;
2. "201" - сите;
3. "202" - сите;
4. "203" - сите;
5. "204" - сите;
6. "205" - сите;
7. "206" - сите;
8. "207" - сите;
9. "208" - сите.

**Член 27**

Избор за членови на Совет на **МЗ Колонија**, ќе се спроведе на собир на граѓани, на кои можат да присуствуваат граѓани со место на живеење на следните улици:

• Колонија

1. "1" - сите.

• Идризово

1. "1" - сите;
2. "2" - сите;
3. "3" - сите;
4. "4" - сите;
5. "5" - сите;
6. "6" - сите;
7. "7" - сите;
8. "8" - сите.

**Член 28**

Одлуката да се достави до облиците на месната самоуправа на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 29**

Се задолжуваат облиците на месната самоуправа, описот за својот облик на месна самоуправа да го истакнат на видно место, најдоцна една седмица пред закажаниот ден за спроведување на изборите за конкретниот облик на месната самоуправа.

**Член 30**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/5**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/4**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба, на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, бр.07-2289/35 од 30.05.2014 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.6/14) во член 1 став (1) **''АНЕТА МИШЕВСКА - ТОДОРОВА''** се заменува со **''БЛАГЕ ДАНЕВ''**.

**Член 2**

Одлуката да се достави до деканот на факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1747/6**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНФОРМАЦИСКО - КОМУНИКАЦИСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2015 - 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Стратегија за информациско - комуникациски развој на Општина Гази Баба, за период 2015 - 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/5**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во согласност со Програмата за локален економски развој и информациско-комуникациски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНФОРМАЦИСКО - КОМУНИКАЦИСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2015 - 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука отпочнува постапка за изработка на Стратегија за информациско - комуникациски развој на Општина Гази Баба, за период 2015 - 2019 година.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба во рок од 5 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука, да именува координатор задолжен за доставување на предлози до Градоначалникот на Општина Гази Баба, за членови на работната група, која ќе биде задолжена за изготвување на Стратегија за информациско - комуникациски развој на Општина Гази Баба, за период 2015 - 2019 година.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Гази Баба во рок од 5 дена од денот на именување на координатор од член 2 на оваа одлука, ќе формира работна група за изготвување на Стратегија за информациско - комуникациски развој на Општина Гази Баба, за период 2015 - 2019 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/7**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.ЦРЕШЕВО, С.СМИЉКОВЦИ И С.ВИНИЧЕ

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/6**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба заради изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче ("Службен гласник на Град Скопје" бр.6/14 и 1/15), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.ЦРЕШЕВО, С.СМИЉКОВЦИ И С.ВИНИЧЕ

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес, за изградба на фекална канализација во с.Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче.

### Член 2

Општина Гази Баба и Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествуваат со финансиски средства во вкупен износ од 6.000.000,00 денари, и тоа:

- 3.000.000,00 денари за изградба на фекална канализација во с. Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче, ќе обезбеди Општина Гази Баба, и
- 3.000.000,00 денари за изградба на фекална канализација во с. Црешево, с.Смиљковци и с.Виниче, ќе обезбеди Град Скопје.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, и од Буџетот на Град Скопје за 2015 година, и истите можат да се користат исклучиво за намената утврдена со членот 1 на оваа одлука, во согласност со прописите со кои се уредува изградба на таков тип објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

### Член 3

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09).

Реализација на договорот од став 1 на овој член, ќе започне откако ќе заврши постапката за јавната набавка која ќе ја спроведе Општина Гази Баба.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/8**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА "НИКОЛА КИРОВ МАЈСКИ" И УЛИЦА "5" ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ХИПОДРОМ 2, СО КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на дел од улица "Никола Киров Мајски" и улица "5" во населба Хиподром 2, со комплетна инфраструктура, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/7**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба, за финансиско учество за изградба на дел од улиците Никола Киров Мајски и улица 5 во населба Хиподром 2 со комплетна инфраструктура, бр.07-3381/1 од 30.03.2015 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.5/15), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА "НИКОЛА КИРОВ МАЈСКИ" И УЛИЦА "5" ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ХИПОДРОМ 2, СО КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес, за финансиско учество за изградба на дел од улица "Никола Киров Мајски" и улица "5" во населба Хиподром 2, со комплетна инфраструктура.

**Член 2**

Општина Гази Баба во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, во износ од 16.930.000,00 денари, а Град Скопје со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2015 година, во износ од 30.000.000,00 денари.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09).

Реализација на договорот од став 1 на овој член, ќе започне откако ќе заврши постапката за јавната набавка која ќе ја спроведе Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/9**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗАРАДИ ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ТРУБАРЕВО, ЕРГЕЛЕ, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, ЈУРУМЛЕРИ, НОВА КОЛОНИЈА, ИДРИЗОВО И ДРМА**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради изградба на канализациони мрежи за населените места Трубарево, Ергеле, Гоце Делчев, Јурумлери, Нова Колонија, Идризово и Дрма, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/8**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба заради изградба на канализациони мрежи за населените места Трубарево, Ергеле, Гоце Делчев, Јурумлери, Нова Колонија, Идризово и Дрма, бр.07-3758/1 од 17.04.2015 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.6/15), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗАРАДИ ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ТРУБАРЕВО, ЕРГЕЛЕ, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, ЈУРУМЛЕРИ, НОВА КОЛОНИЈА, ИДРИЗОВО И ДРМА**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес, заради изградба на канализациони мрежи за населените места Трубарево, Ергеле, Гоце Делчев, Јурумлери, Нова Колонија, Идризово и Дрма.

**Член 2**

Општина Гази Баба во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, во износ од 12.000.000,00 денари, а Град Скопје со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2015 година, во износ од 13.000.000,00 денари, кои можат да се користат исклучиво за намената утврдена со членот 1 на оваа одлука и во согласност со прописите со кои се уредува изградба на таков тип објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09).

Реализација на договорот од став 1 на овој член, ќе започне откако ќе заврши постапката за јавната набавка која ќе ја спроведе Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/10**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/9**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (2) и став (3) од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 139/08, 99/09 и 149/14), член 22 став (1) точка 9, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) и прибавено претходно позитивно стручно мислење од ЈЗУ "Центар за јавно здравје" - Скопје, бр.08-1743/1 од 22.04.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

### ВОВЕД

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести Советите на општините, а по претходно мислење на надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат:

- општите мерки за заштита на населението од заразни болести,
- активностите,
- извршителите,
- роковите и
- изворите на финанските средства потребни за реализација на Програмата во 2015 година.

Законска регулатива:

1. Член 12 и 14, став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 139/08, 99/09 и 149/14)
2. Член 22, точка 4 и 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02)
3. Член 15, точка 4 и 8 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04)
4. Закон за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр.17/91, 10/04, 84/05)
5. Закон за санитарна и здравствена инспекција ("Службен весник на РМ" бр.19/95).

За заштита на населението од заразни болести за 2015 година, во Општина Гази Баба се одредени следниве општи мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење;
2. Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад;
3. Обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти;
4. Обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
5. Вршење превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско-технички мерки на јавни објекти, училишни и предучилишни установи, населени места и други јавни површини.

## I. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравјето на луѓето, како и отсуство на супстанции во концентрации кои сами или заедно со други супстанции претставуваат опасност по здравјето на луѓето.

1. ЦЕЛ

Целта на оваа мерка е снабдување на населението со безбедна вода за пиење преку централниот водоводен систем, надлежност на Градот Скопје, односно ЈП Водовод и канализација, согласно законските прописи, ЈКП "Гази Баба-2007" и ЈКП "Илинден".

2. АКТИВНОСТИ

За снабдување на населението со безбедна вода за пиење потребна е редовна контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување, односно редовно хлорирање и вршење анализи на исправноста на водата за пиење.

Доколку се утври дека водата не е безбедна за пиење, ЈП "Водовод и канализација" - Скопје треба:

- Да го прекине или ограничи испорачувањето на водата;
- Да постави натпис "Водата не е за пиење";
- Да ги извести потрошувачите и да им даде соодветни препораки;
- Да ја детектира причината за загадувањето, во соработка со надлежните институции;
- Да спроведе итни мерки за отстранување на загадувањето и
- Доколку прекинот во испорачувањето на водата е подолг од 24 часа, ЈП треба да обезбеди снабдување на населението со вода, на друг начин.

Во Општина Гази Баба населението со вода за пиење се снабдува од изворот Рашче, бунарите Лепенец и Нерези, регионалниот водовод во с.Јурумлери и од сопствени извори. Во руралниот дел од општината населението користи вода од сопствени бунари и извори. Урбаниот дел и дел од руралните места: Сингелиќ, Стајковци,Трубарево и Инџиково се снабдуваат од регионалниот систем за водоснабдување од Градот Скопје, што преставува покриеност од 85%. За водоснабдување се користат 35 резервоари за вода и 23 пумпни станици.

Исправноста на водата за пиење од градскиот водовод ја следат ЈЗУ "Институт за јавно здравје" и "Завод за здравствена заштита" - Скопје. На територијата на општина Гази Баба мерењата се вршат на три места: реката Вардар с.Јурумлери, фекален испуст Вардариште и фекален испуст Керамидница. На 8 мерни места се следи квалитетот на водата за пиење од ЈП "Водовод и Канализација" - Скопје.

3. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на оваа мерка финансиски средства се обезбедуваат од Буџетот на надлежните Град Скопје и ЈП "Водовод и канализација" - Скопје и Општина Гази Баба.

## II. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ И ДРУГ ТВРД И ТЕЧЕН ОТПАД

Должината на канализационата мрежа во Општина Гази Баба изнесува 689 километри со 75% покриеност на урбаниот дел од општината а испуштањето на одпадните води се врши на 4 места. Должината на канализационата вода на атмосферски води е 269 километри со 30% покриеност на урбаниот дел од општината, а испуштањето на атмосферскиоте води се врши на три места. Во рамките на ЈП "Водовод и канализација" - Скопје, секторот Канализација реонот на општина Гази Баба го покрива

преку два пункта. Мерните места за мониторинг на одпадните води се фекалните испусти во реката Вардар. Количината на аеробни мезофилни бактерии се движи од 100 000-2 400 000 во зависност од годишното време.

Карактеристика на Општина Гази Баба преставуваат големиот број на компании од тешката индустрија, производни компании, компании за дистибуција на топлинска и електрична енергија како и погони од лесна индустрија.

Од инсталациите на територијата на Општина Гази Баба, пречистителни станици за одпадни води имаат: "Пивара" АД Скопје, "ТЕ-ТО" АД Скопје, "Алкалоид" АД Скопје, "ПИЛКО" и "Мега".

За отстранување на проблемите во врска со отпадните и атмосферските води, потребно е да се елиминираат дивите приклучоци од водоводната мрежа кај населеното место с.Сингелиќ, да се изградат системи за прочистување на одпадните води на територија на општината, да се издаваат елаборати за заштита на животната средина како и да се зголеми искористеноста на подземните води за полевање на зелените површини.

Територијата на општината опфаќа урбан и рурален дел, во кој се создаваат сите видови на отпад, односно: комунален одпад, интерен одпад (градежен шут), биоразградлив одпад, одпад од пакување, медицински отпад, посебни видови на одпад, додека од индустријата се создава индустриски опасен и неопасен одпад.

а) постапување со одпад во урбаниот дел на општината

- урбаниот дел е поделен на осум блокови во однос на собирањето одпад , од кои 3 со контејнери од 1.100 литри и 5 со пластични канти од 120 литри. Динамиката на собирање на одпадот од контејнери од 1.100 литри се врши 6 пати неделно со возила со капацитет од 20 метри кубни. Динамиката на собирање на одпад од пласнични канти од 120 литри се врши 2 пати неделно во возила со капацитет од 8 метри кубни.

б) постапување со одпад во руралниот дел на општината

- собирањето на комунален отпад од руралните населени места на териотријата на општина Гази баба се врши од дваесет блока во населените места: Трубарево, Јурумлери, Идризово, Маџари, Економија, Сингелиќ, Ергеле, Гоце Делчев, Дрма, Страчинци, Стајковци, Смилковци, Црешево, Нова Колонија, Булачани, Раштак, Виниче, Брњарци, Инџиково.

На територијата на општината се регистрирани 17 диви депонии во руралните население места како и 13 во урбаниот дел на општината. Од страна на ЈП "Комунална хигиена" - Скопје дивите депонии редовно се чистат.

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на оваа мерка финансиски средства се обезбедуваат од Буџетот на надлежните Град Скопје, Општина Гази Баба, ЈП "Водовод и канализација" - Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје.

## III. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ САНИТАРНО - ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО УЧИЛИШНИ И ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ

Во рамките на Општина Гази Баба се наоѓаат две (2) предучилишни установи и тоа:

- Јавна Установа за деца - Детска градинка - "Детска Радост", и
- Јавна Установа за деца - Детска градинка - "25 Мај".

- Вкупниот број на вработени во двете градинки е 209 од кој во градинката "Детска Радост" 97, а во "25 Мај" 112.

- При појава на заразни болести во детските градинки се контактира и пријавува во службата за епидемиологија при ЈЗУ "Центар за јавно здравје" - Скопје.

- Во предучилишната установа за деца - Детска градинка - "Детска Радост" за следење на заразни болести и сите други активности во врска со здравствената заштита (вакцини, систематски преглед, здравствени санитарни контроли, исправноста на храната и др.) е одговорно лицето Наде Цветковска, медицинска сестра, а во градинката "25 Мај" одговорно лице е Ана Стојменовиќ медицинска сестра - замена е Снежана Недева- секретар во градинката.

Во ЈУДГ - "Детска Радост" - Општина Гази Баба во Град Скопје се згрижени и престојуваат вкупно 677 деца за кои се работно ангажирани 97 лица.

Во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба во Град Скопје се згрижени и престојуваат 1050 деца ,а работно се ангажирани 112 вработени.

## IV. ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ СО ЦЕЛ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА НАСТАНУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Постојано следење на здравствената состојба на вработените во Јавните Установи за деца со цел за исклучување на опасноста од пренесување на заразни болести на најранливата категорија - децата.

Создавање на здрави поколенија преку континуирано следење на здравствената состојба на децата и учениците, како и нивна имунизација согласно Правилникот за задолжителна имунизација во Р. Македонија.

Задолжителна превентивна дезинфекција , дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишни установи од овластена установа за ДДД.

На територијата на општина Гази Баба постојат следните училишта како што е наведено во следниот табеларен преглед:

| Ред.бр | Основни училишта | Населба | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| 1 | ОУ Вера Јоциќ Хиподром | Хиподром | 518 |
| 2 | ОУ Његош | Идризово | 611 |
| 3 | ОУ Стив Наумов | Автокоманда | 901 |
| 4 | ОУ Крум Тошев | Трубарево | 317 |
| 5 | ОУ Кирил и Методиј | Стајковци | 506 |
| 6 | ОУ Дане Крапчев | Маџари 2 | 915 |
| 7 | ОУ Наум Наумовски Борче | Маџари | 607 |
| 8 | ОУ Крсте Мисирков | Маџари 2 | 607 |
| 9 | ОУ Григор Прличев | Железара | 304 |
| 10 | ОУ 25 Мај | Ченто | 1448 |
| 11 | ОУ Наум Охридски | Булачани | 297 |

Контакт лицата за ДДД и контакт лицата за следење на заразни болести ќе ги одредат директорите на основните училишта.

1. ЦЕЛ

Целта на оваа мерка е спречување на ширење на заразни заболувања на најранливата група – децата преку обезбедување на високо ниво на хигиенски услови во училишните и предучилишните објекти, како и преку редовно следење на здравствената состојба на децата, учениците и вработените во јавните установи. За остварување на целта во основните училишта и детските градинки ќе определат одговорно лице, на ниво на истите, за следење на заразните заболувања.

2. АКТИВНОСТИ

Високо ниво на хигиенски услови во училишните и предучилишните објекти се обезбедува со секојдневни активности за чистење и дезинфекција на објектите на 11 основни училишта и двете детски градинки на територијата на Општина Гази Баба.

За следење на здравствената состојба на учениците од основните училишта и на децата згрижени во детските градинки, на територијата на Општина Гази Баба редовно се вршат систематски прегледи и вакцинација, согласно законските прописи.

За следење на здравствената состојба на вработените во основните училишта и во детските градинки, на територијата на Општина Гази Баба редовно се вршат систематски прегледи, санитарни прегледи и по потреба вакцинација, согласно законските прописи.

3. ИЗВРШИТЕЛИ

Активностите за обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во училишни и предучилишни објекти ги извршуваат вработените во училиштата и детските градинки на територијата на Општина Гази Баба.

Активностите за следење на здравствената состојба на децата и учениците во предучилишните и училишните установи се реализираат со динамика предвидена во законските прописи, а ги реализираат училиштата и градинките во соработка со здравствените установи, односно надлежниот вакцинален пункт и други релевантни институции. Надлежен пункт за вакцинација амбуланта Автокоманда и Поликлиника "Методија Андонов - Ченто".
.
Активностите за следење на здравствената состојба на вработените во предучилишните и училишните установи се реализираат со динамика предвидена во законските прописи, а ги реализираат училиштата и градинките во соработка со надлежниот Центар за јавно здравје и други релевантни здравствени институции.

4. РОКОВИ

Активностите за обезбедување на солидни санитарно - технички и хигиенски услови во училишни и предучилишни објекти се извршуваат секојдневно, континуирано во текот на целата година.

Активностите за следење на здравствената состојба на децата, учениците и вработените во училишните и предучилишните објекти се организираат и реализираат со динамика предвидена во законските прописи.

5. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиски средства за обезбедување на солидни санитарно – технички и хигиенски услови во училишните и предучилишните објекти, како и за здравствено - хигиенски прегледи на вработените ќе

обезбедат училиштата и детските градинки на територијата на Општина Гази Баба од сопствените буџети, како и средства согласно програмата за здравство,социјална заштита и заштита на децата за 2015 година.

За следењето на здравствената состојба на децата и учениците не се потребни финансиски средства, односно систематските прегледи се бесплатни.

## V. ПРЕВЕНТИВНО - ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

1. ЦЕЛ

Целта на оваа мерка е превенција од заразни заболувања преку здравствена едукација на жителите на Општина Гази Баба, особено најранливата категорија - децата во основните училишта и детските градинки на територијата на општината.

2. АКТИВНОСТИ И РОКОВИ

Организирање на советодавни и едукативни предавања, како и работилници за промоција на здравјето и превенција од заразни болести, во основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Гази Баба. Темата на советодавните и едукативните предавања ќе биде одредена од стручните служби во училиштата и детските градинка, согласно наставната содржина и возраста на децата/учениците, како и согласно динамиката на појава и ширење на заразнате болести.

Организирање бесплатни лекарски прегледи и бесплатни едукативни предавања за сите граѓани - жители на Општина Гази Баба. Темата на бесплатните едукативни предавања за граѓаните ќе биде одредена согласно потребите и интересот на граѓаните, но и согласно динамиката на појава и ширење на заразните болести.

3. ИЗВРШИТЕЛИ

Превентивно - промотивните активности за унапредување на здравјето на децата ги организираат основните училишта и детските градинки на територијата на Општина Гази Баба во соработка со Одделот за здравствена едукација, Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје и Советувалиште за ХИВ/СИДА при ЈЗУ "Центар за јавно здравје" - Скопје, установите за примарна здравствена заштита, како и други релевантни институции и организации.

Превентивно - промотивните активности за унапредување на здравјето на граѓаните ги организираат релевантни институции и организации со техничка и организациска поддршка од Општина Гази Баба.

4. РОКОВИ

Превентивно - промотивните активности за унапредување на здравјето на децата во училишни и предучилишни објекти се организираат и реализираат согласно наставниот план и програма, како и согласно потребите и можностите на училиштата и детските градинки на територијата на Општина Гази Баба.

Превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на граѓаните се организираат и реализираат согласно потребите на жителите од Општина Гази Баба и согласно можностите на општината.

5. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на оваа мерка не се потребни финансиски средства.

## VI. ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА, ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

1. ЦЕЛ

Целта на оваа мерка е спречување на појавата на штетници кои предизвикуваат или се преносители на заразни болести.

2. АКТИВНОСТИ И РОКОВИ

Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација согласно законските одредби е задолжителна мерка за училишни, предучилишни и други јавни објекти (општинската зграда), како и за населените места и јавните површини.

Превентивна дезинфекција се врши на секои 6 (шест) месеци, а дезинсекција и дератизација најмалку еднаш годишно. Дератизација се прави на пролет во месец април и наесен во месец ноември, на околу 2500 шахти.

3. ИЗВРШИТЕЛИ

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата на јавните установи ја организираат училиштата и детските градинки, согласно своите годишни планови и програми, со стручна и техничка помош од центрите за јавно здравје и други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со законските одредби.

Дезинсекцијата на подрачјето на градот Скопје е надлежност на Град Скопје, а дератизацијата на јавните површини е надлежност на Општина Гази Баба. Дератизацијата на територијата на општината ја организира и реализира Општина Гази Баба согласно своите годишни програми, со стручна и техничка помош од центрите за јавно здравје и други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со законските одредби.

4. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиски средства за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на општинската зграда, како и дератизација на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2015 година, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гази Баба за 2015 година и тоа од Потпрограма ЕО-општинска администрација поставка 424230 дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

За спроведување на оваа мерка во 2015 година се предвидени годишни средства во износ од 100.000,00 денари.

Финансиски средства за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните и предучилишните установи, ќе обезбедат училиштата и детските градинки од сопствените буџети.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/11**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА , ЗА ПЕРИОД АПРИЛ 2013 - МАРТ 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - март 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/10**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 13 став (2) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - март 2015 година, бр.03-1553/1 од 08.04.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА , ЗА ПЕРИОД АПРИЛ 2013 - МАРТ 2015 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период април 2013 - март 2015 година, бр.03-1553/1 од 08.04.2015 година, поднесен од секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот.

2. Заклучокот да се достави до секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/12**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/11**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

1.Во Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), се врши следната измена:

Во точка 1, "Рамка на проектот" потточка 1.1 "Основа", раздел 1.2.2 "Релевантни активности" бројот "40" се заменува со бројот **"45"**.

Во точка 2, "Опис на програмата", потточка 2.1 "Цели на програмата", раздел 2.1.2. "Цел на Програмата" и раздел 2.4.2 "Одржување на јавната чистота и зелените површини на Општина Гази Баба", бројот "40" се заменува со бројот **"45",** а кај раздел 2.4.4 "Финансиска конструкција за реализација на програмата", табеларниот приказ се заменува со нов и гласи:

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр.на единица | Сума по един. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| 1.Човечки ресурси | | | | |
| 1.1. Од програмата | 12 | 40 | 9500 | 4 560 000 |
| 1.2 Персонален данок | 12 | 40 | 1056 | 506 880 |
| 1.3 Осигурување од професионално заболување | 12 | 40 | 633 | 303 840 |
| 1.1.1. Измена на програмата | 8 | 5 | 9500 | 380 0000 |
| 1.1.2 Персонален данок | 8 | 5 | 1056 | 42 240 |
| 1.1.3 Осигурување од професионално заболување | 8 | 5 | 633 | 25 320 |
| 2. ХТЗ опрема | | | | |
| 2.1 дводелно одело | | 45 | 2000 | 90 000 |
| 2.3 маици * 2 | | 2*45 | 200 | 18 000 |
| 2.4 ракавици* 2 | | 2*45 | 80 | 7200 |
| 2.5 капче | | 45 | 240 | 10 800 |
| 2.6 заштитини наочари | | 15 | 500 | 7500 |
| 3. Алат и прибор за работа | | | | |
| 3.1 тримери* 3 | | 3 | 30 000 | 90000 |
| 3.2 телескопи* 2 | | 2 | 30 000 | 60000 |
| **ВКУПНО** | | | | **6 101 780,00** |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1747/13**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.04.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1871/12**
**од 05.05.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 30.04.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2015 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1747/14**
**од 30.04.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# 1. Вовед

## 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје – Општина Гази Баба**



## Ī - ПРИХОДИ

Вкупните приходи во буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-март 2015 година, се остварени во вкупен износ од **140.996.251,00** денари или **14,71%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2015 година, во износ од **958.286.000,00** денари, и се за 11,49% со помала реализација во однос на истиот период во 2014 година. Планираните приходи во Буџетот за 2015 година, остварените приходи за периодот јануари-март 2015 година и реализираните приходи за периодот јануари-март 2014 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2015 година | I - Кватрал 2014 година | I - Кватрал 2015 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНИЧНИ ПРИХОДИ | 281.180.000 | 34.571.486 | 22.566.787 | 8,03% | 65,28% |
| | 72 | НЕДАНИЧНИ ПРИХОДИ | 7.400.000 | 668.103 | 738.614 | 9,98% | 110,55% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 167.000.000 | 14.060.418 | 4.895.156 | 2,93% | 34,82% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 57.100.000 | 14.060.340 | 16.745.371 | 29,33% | 119,10% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 512.680.000 | 63.360.347 | 44.945.928 | 8,77% | 70,94% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 360.000.000 | 82.362.250 | 84.967.500 | 23,60% | 103,16% |
| 3 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 5.588.000 | 0 | 89.048 | 1,59% | 0,00% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНС. АКТИВНОСТИ | 55.000.000 | 7.670.056 | 7.219.745 | 13,13% | 94,13% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 25.000.000 | 5.901.395 | 3.774.030 | 15,10% | 63,95% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 958.268.000 | 159.294.048 | 140.996.251 | 14,71% | 88,51% |

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **44.945.928,00** денари, или **8,77%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2015 година, кои изнесуваат 512.680.000,00 денари и се за 29,06% пониски во однос на истиот период во 2014 година.

Кај **Приходи од донации** во првиот квартал за 2015 година имаме остварување од 1,59% односно 89.048 денари.

**Приходите од блок дотациите,** од кои се финансираат основните училишта и детските градинки на територија на Општината, се остварени во износ од **84.967.500,00** денари, или **23,60%** во однос на планираните во Буџетот за 2015 година, кои изнесуваат **360.000.000,00** денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки се остварени во износ од **7.219.745,00** денари или **13,13%** во однос на планираните во Буџетот за 2015 година кои изнесуваат 55.000.000,00 денари и

Кај **Приливите од кредити,** бележиме остварување во првиот квартал реализација од 3.774.030,00 денари односно 15,10% во однос на планираните 25.000.000,00 денари.

Споредено со истиот период од 2014 година, вкупни приходи бележат остварување со индекс од **88,51%** од кои :

- Приходите на Основниот буџет се со индекс од **70,94%**,
- Приходите од блок дотациите за финансирање на основните училишта и детските градинки со индекс од **103,16%**,
- Приходите од донации со индекс од **0%**, и
- Приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки со индекс од **94,13%**

**-** Прилив од кредити се со индекс **63,95**.

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-март 2015 година и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2015 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Извор: Општина Гази Баба




Извор: Општина Гази Баба

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-март 2015 година, година по ставки и подставки, и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2015 година, и со остварените приходи за истиот период во 2014 година, е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2015 година | I- Кватрал 2014 година | I - Кватрал 2015 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **958.268.000** | **159.294.048** | **140.996.251** | **14,71%** | **88,51%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **512.680.000** | **63.360.347** | **44.945.928** | **8,77%** | **70,94%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **281.180.000** | **34.571.486** | **22.566.787** | **8,03%** | **65,28%** |
| 1 | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **13.780.000** | **2.892.360** | **3.160.163** | **22,93%** | **109,26%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лива корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 3.600.000 | 736.082 | 800.242 | 22,23% | 108,72% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 9.270.000 | 2.020.425 | 2.107.631 | 22,74% | 104,32% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 100.000 | 15.271 | 14.702 | 14,70% | 96,27% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 600.000 | 90.209 | 196.959 | 32,83% | 218,34% |
| | 711139 | Данок на доход на приходи о д занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 200.000 | 30.206 | 40.277 | 20,14% | 133,34% |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 10.000 | 167 | 352 | 3,52% | 210,78% |
| 2 | **713** | **Даноци на имот** | **69.900.000** | **14.479.716** | **9.514.712** | **13,61%** | **65,71%** |
| | 713111 | Данок на имот | 14.000.000 | 1.887.926 | 3.077.955 | 21,99% | 163,03% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 15.500.000 | 236.786 | 608.019 | 3,92% | 256,78% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 5.000.000 | 333.369 | 1.526.805 | 30,54% | 457,99% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 23.000.000 | 8.017.189 | 2.719.315 | 11,82% | 33,92% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 11.600.000 | 4.002.537 | 1.523.451 | 13,13% | 38,06% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 800.000 | 1.909 | 59.167 | 7,40% | 3099,37% |
| 3 | **717** | **Даноци на специфични услуги** | **197.000.000** | **17.100.983** | **9.878.982** | **5,01%** | **57,77%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 12.000.000 | 734.176 | 613.444 | 5,11% | 83,56% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистарција на возилата | 4.000.000 | 648.318 | 526.384 | 13,16% | 81,19% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 48.700.000 | 7.816.522 | 8.300.367 | 17,04% | 106,19% |
| | 717129 | Други комунални такси (витрини, музика и сл.) | 100.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деовни простории за вршење на дејност | 420.000 | 0 | 10.344 | 2,46% | 0,00% |
| | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 131.780.000 | 7.899.128 | 421.443 | 0,32% | 5,34% |
| | 717140 | Камата за ненавремено плаќање | 0 | 2.839 | 7.000 | 0,00% | 246,57% |
| 4 | **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **500.000** | **98.427** | **12.930** | **2,59%** | **13,14%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Град Скопје | 300.000 | 98.427 | 3.075 | 1,03% | 3,12% |
| | 718147 | Надомест за вадење песок | 200.000 | 0 | 9.855 | 4,93% | 0,00% |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **7.400.000** | **668.103** | **738.614** | **9,98%** | **110,55%** |
| 5 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **1.500.000** | **257.067** | **261.868** | **17,46%** | **101,87%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 1.500.000 | 257.067 | 261.868 | 17,46% | 101,87% |
| 6 | **723** | **Такси и надоместоци** | **300.000** | **0** | **7.404** | **2,47%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 300.000 | 0 | 7.404 | 2,47% | 0,00% |
| | 723914 | Приходи од закупнина на општествен имот | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | **724** | **Други владини услуги** | **400.000** | **0** | **6.000** | **1,50%** | **0,00%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни набавки) | 400.000 | 0 | 6.000 | 1,50% | 0,00% |
| 8 | **725** | **Други неданочни приходи** | **5.200.000** | **411.036** | **463.342** | **8,91%** | **112,73%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 5.200.000 | 411.036 | 463.342 | 8,91% | 112,73% |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **167.000.000** | **14.060.418** | **4.895.156** | **2,93%** | **34,82%** |
| 9 | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **167.000.000** | **14.060.418** | **4.895.156** | **2,93%** | **34,82%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на недвижности на Р.М. | 750.000 | 0 | 12.832 | 1,71% | 0,00% |
| | 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 300.000 | 0 | 237.987 | 79,33% | 0,00% |
| | 733120 | Надомест за концесии за експоатација на минерални суровини по основа на експлоатиранаминерална суровина | 1.200.000 | 201.582 | 130.435 | 10,87% | 64,71% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 1.750.000 | 833.640 | 833.640 | 47,64% | 100,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 66.500.000 | 1.317.474 | 1.773.073 | 2,67% | 134,58% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 96.500.000 | 11.707.722 | 1.907.189 | 1,98% | 16,29% |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **57.100.000** | **14.060.340** | **16.745.371** | **29,33%** | **119,10%** |

3

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **57.100.000** | **14.060.340** | **16.745.371** | **29,33%** | **119,10%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 2.300.000 | 2.876.780 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 6.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 7.724.584 | 11.516.152 | 0,00% | 149,08% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 20.800.000 | 3.458.976 | 5.229.219 | 25,14% | 151,18% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 27.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **360.000.000** | **82.362.250** | **84.967.500** | **23,60%** | **103,16%** |
| 11 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **360.000.000** | **82.362.250** | **84.967.500** | **23,60%** | **103,16%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од образованието | 290.000.000 | 66.400.000 | 69.000.000 | 23,79% | 103,92% |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од социјална заштита | 70.000.000 | 15.962.250 | 15.967.500 | 22,81% | 100,03% |
| | | **ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **5.588.000** | **0** | **89.048** | **1,59%** | **0,00%** |
| 12 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **0** | **67.563** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | **0** | 0 | 67.563 | 0,00% | 0,00% |
| 13 | **742** | **Донации од странство** | **1.788.000** | **0** | **21.485** | **1,20%** | **0,00%** |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 1.788.000 | 0 | 21.485 | 1,20% | 0,00% |
| 14 | **743** | **Капитални донации** | **2.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | капитални донации | 2.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 15 | **744** | **Тековни донации** | **1.800.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 1.800.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **55.000.000** | **7.670.056** | **7.219.745** | **13,13%** | **94,13%** |
| 16 | **723** | **Такси и надоместоци** | **55.000.000** | **7.670.056** | **7.219.745** | **13,13%** | **94,13%** |
| | 723116 | Надомест од оброци во училишта, градинки и други институции | 55.000.000 | 7.670.056 | 7.219.745 | 13,13% | 94,13% |
| | | **ВКУПНО ПРИЛИВ ОД КРЕДИТИ** | **25.000.000** | **5.901.395** | **3.774.030** | **15,10%** | **63,95%** |
| 17 | **754** | **Друго домашно задолжување** | **25.000.000** | **5.901.395** | **3.774.030** | **15,10%** | **63,95%** |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 25.000.000 | 5.901.395 | 3.774.030 | 15,10% | 63,95% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-март 2015 година се остварени во износ од **44.945.928,00** денари или 8,77%.

- Повисоко остварување на приходите во однос на планираните бележиме кај **Трансфери од други нивоа на власт** со индекс од 29,33% односно **16.745.371,00** денари, кое произлегува од редовното префрлање на приходите од ДДВ и од искористениот дел од пренесениот вишок на приходи од 2014 година.

- Останатите приходи ги бележат следниве остварувања:

- Приходите од **данокот на доход** од добивка и од капитални добивки, кои се остварени во износ од **3.160.163,00** денари, односно со индекс од 22,93% во однос на планираните за 2015 година, во износ од 13.780.000,00 денари. Споредбено со истиот период од 2014 година, постои зголемување од 9,26%.
- Во првиот квартал во 2015 година, приходите од **даноците на имот** се остварени во износ од **9.514.712,00** денари, и со индекс од 13,61% во однос на планираните 69.900.000,00 денари, во Буџетот за 2015 година, од кои споредбено со истиот период во 2014 година, бележиме намалување за 34,29%.
- Приходите од **данокот на специфични услуги** бележат остварување во износ од **9.878.982,00** денари, или 5,01% во однос на планираните приходи, кои по овој основ се планирани 197.000.000,00 денари во чии рамки спаѓаат:
  - *Приходите од комуналната такса за улично осветлување* со индекс од 17,04% или 8.300.367,00 денари,
  - *Приходите од комунални такси за истакнување на реклами и фирмарина* со индекс од 5,11% или 613.444,00 денари во однос на планираните 12.000.000 денари за 2015 година,
  - *приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште* во износ од 421.443,00 денари со индекс од 0,32%, и

- *комунална такса за користење на улици* во износ од 526.384,00 денари односно 13,16%.

– Приходите од **такси за дозволи за вршење на дејност** изнесуваат **12.930,00** денари или **2,59%** во однос планираните 500.000,00 денари за 2015 година.

– Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **261.868,00** денари или 17,46% во однос планираните 1.500.000,00 денари за 2015 година.

– Кај приходите од **такси и надоместоци** и приходите од **други владини услуги** се бележи остварувањеод 7.404,00 денари, односно се со индекс 2,47%.

– Приходи од **други владини услуги** бележат наплата од **6.000,00** денари или **1,50%** во однос на планираните 400.000,00 денари.

– Приходи од **други неданочни приходи** бележат остварување во износ од **463.342,00** денари односно 8,91 % во однос на планираните 5.200.000 денари.

– Капиталните приходи односно приходите од **продажба на земјиште и нематеријални вложувања** се остварени во износ од **4.895.156,00** денари со индекс од 2,93% во однос на планираните 167.000.000,00 денари за 2015 година.

За периодот јануари-март 2015 година во делот на **наменските блок дотации** за финансирање на основните училишта и детските градинки бележиме приходи од **трансфери од други нивоа на власт** во износ од **84.967.500,00** денари. Во овој период средствата беа редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување од 23,60% во однос на планираните за 2015 година.

Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување во износ од 89.048,00 или 1,59% однос на планот.

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки бележиме остварување во износ од 7.219.745,00 денари или 13,13% во однос на планираните.

Кај **Приливот од кредити** бележиме остварување во износ од 3.774.030,00 денари или 15,10% во однос на планираните 25.000.000,00 денари, со која се предвидува користење на кредитот од Светската банка преку подзаем реализиран преку Министерство за финансии на Р. Македонија за изградба на нова зграда на О.У.,, Григор Прличев,, и претставува надополнување на приходите за покривање на дефицитот финансиран од приливи од домашен заем.



## II - РАСХОДИ

За периодот јануари-март 2015 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба во износ од **129.481.300,00** денари или **13,51%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2015 година изнесуваат **958.268.000,00** денари, што представува пониско остварување во однос на истиот период во 2014 година за **13,58%**.

Планираните расходи со Буџетот за 2015 година, извршените расходи за периодот јануари-март 2015 година, и извршените расходи за истиот период за 2014 година, кои се класифицирани по одделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба, може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Програма | Програма / Ставка | 2015 година | I - Кватрал 2014 година | I - Кватрал 2015 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општината | 7.700.000 | 1.506.634 | 1.482.336 | 19,25% | 98,39% |
| 2 | Д0 | Градоначалник | 6.250.000 | 1.050.318 | 775.655 | 12,41% | 73,85% |
| 3 | Е0 | Општинска администрација | 88.195.000 | 18.914.525 | 20.127.051 | 22,82% | 106,41% |
| 4 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 11.500.000 | 539.712 | 458.982 | 3,99% | 85,04% |
| 5 | Ф1 | Урбанистичко планирање | 25.000.000 | 1.429.071 | 1.036.535 | 4,15% | 72,53% |
| 6 | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 2.000.000 | 21.700 | 3.540 | 0,18% | 16,31% |
| 7 | ФА | Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) | 145.780.000 | 14.589.264 | 7.292.987 | 5,00% | 49,99% |
| 8 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 10.950.000 | 0 | 48.345 | 0,44% | 0,00% |
| 9 | Ј3 | Јавно осветлување | 48.700.000 | 11.603.011 | 6.701.971 | 13,76% | 57,76% |
| 10 | Ј4 | Јавна чистота | 7.470.000 | 1.533.824 | 1.695.603 | 22,70% | 110,55% |
| 11 | Ј6 | Одржување на лок.патишта, улици и регул. на сообраќај | 5.800.000 | 599.320 | | 0,00% | 0,00% |
| 12 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 820.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 13 | Ј8 | Други комунални услуги | 6.300.000 | 1.885.400 | 1.532.200 | 24,32% | 81,27% |
| 14 | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 33.000.000 | 5.979.069 | 2.429.349 | 7,36% | 40,63% |
| 15 | ЈД | Изградба и реконструкција на локални улици и патишта | 11.200.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 16 | ЈИ | Изградба на системи за отпадни води | 51.000.000 | 1.876.780 | | 0,00% | 0,00% |
| 17 | ЈН | Урбана опрема | 3.700.000 | 0 | 150.130 | 4,06% | 0,00% |
| 18 | К4 | Културни манифестации и творештво | 5.175.000 | 98.189 | 349.466 | 6,75% | 355,91% |
| 19 | КА | Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) | 9.500.000 | 0 | 250.000 | 2,63% | 0,00% |
| 20 | Л0 | Спорт и рекреација | 4.905.000 | 282.000 | 560.667 | 11,43% | 198,82% |
| 21 | ЛА | Спорт и рекреација (капит. трошоци) | 14.500.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 22 | НА | Образование (капитални трошоци) | 1.150.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 23 | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 5.000.000 | 1.451.530 | | 0,00% | 0,00% |
| 24 | П1 | Заштита на животната средина и природата | 2.720.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 25 | Њ1 | Противпожарна заштита | 1.540.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 26 | Н1 | Основно образование | 40.000 | 0 | | 0,00% | 0,00% |
| 27 | В1 | Детски градинки | 2.785.000 | 0 | 51.111 | 1,84% | 0,00% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ | 512.680.000 | 63.360.347 | 44.945.928 | 8,77% | 70,94% |
| 28 | Н1 | Основно образование | 290.000.000 | 58.437.232 | 59.651.108 | 20,57% | 102,08% |
| 29 | В1 | Детски градинки | 70.000.000 | 14.774.111 | 14.964.088 | 21,38% | 101,29% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 360.000.000 | 73.211.343 | 74.615.196 | 20,73% | 101,92% |
| 30 | НА | Основно образование (капитални трошоци) | 0 | | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 31 | Н1 | Osnovno obrazovanie | 608.000 | | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 32 | В1 | Детски градинки | 4.430.000 | | 89.048 | 2,01% | 0,00% |
| 33 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 0 | | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 34 | ФД | Уредување на простор во рурални подррачја | 0 | | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 35 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 200.000 | | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 36 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 350.000 | | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 5.588.000 | 0 | 89.048 | 1,59% | 0,00% |
| 37 | Н1 | Расходи на самофинанс. активности - осн. образование | 20.000.000 | 1.569.566 | 1.091.482 | 5,46% | 69,54% |
| 38 | В1 | Расходи на самофинанс активности - соц. заштита | 35.000.000 | 5.788.649 | 4.965.326 | 14,19% | 85,78% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 55.000.000 | 7.358.215 | 6.056.808 | 11,01% | 82,31% |
| 39 | НА | Основно образование (капитални трошоци) | 25.000.000 | 5.901.395 | 3.774.030 | 15,10% | 63,95% |
